**Број 10 Година XIV**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

**СКОПЈЕ, јули 2020**

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за утврдување на престанок на мандатот на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Решението за утврдување на престанок на мандатот на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош – Скопје бр.11-4083/1 од 10.07.2020 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4088/1**
**Датум: 10.07.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с,р,**

Број: 11- 4083/1
Датум: 10.07.2020 година
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 120, став 9 и став 11 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19 и 275/19) и член 41 од Законот за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на престанок на мандатот на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош – Скопје**

1**.** Со ова решение се утврдува престанок на мандатот на ГОЦЕ ТАЛЕСКИ директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош – Скопје, поради истек на времето за кое што е именуван, заклучно со 10.07.2020 година

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение о рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стефан Богоев, с.р.**

**Доставено до:**
- **ЈУОДГ „Распеана Младост“**
- **Именуваниот**
- **Сектор за дејности од јавен интерес**
- **Архива**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за именување вршител на должноста на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош, Скопје**

1. Се објавува Решението за именување вршител на должноста на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош, Скопје бр.11-4084/1 од 10.07.2020 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-4088/2**
**Датум: 10.07.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с,р,**

Број: 11- 4084/1
Датум: 10.07.2020 година
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 120, став 9; член 126 и член 127-а од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19,146/19 и 275/19), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување вршител на должноста на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош, Скопје**

1. Поради истекот на мандат на директорот на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош, Скопје, за вршител на должноста на директор од редот на вработените во Јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост “ – Општина Карпош, Скопје, **СЕ ИМЕНУВА** лицето **ЛИДИЈА НАСТЕВСКА.**

2. Функцијата вршител на должноста на директор ЛИДИЈА НАСТЕВСКА ќе ја врши до завршувањето на постапката во за избор на директор Јавната установа општинска детска градинка „ Распеана Младост“ – Општина Карпош, Скопје, но не подолго од шест (6) месеца од денот на неговото именување, почнувајќи од 11.07.2020 година.

3. Ова решение влегува во сила веднаш, а ќе се применува по добивање на согласност од Министерството за финансии.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стефан Богоев, с.р.**

**Доставено до:**
- **ЈУОДГ „Распеана Младост“**
- **Именуваната**
- **Сектор за јавни дејности**
- **Архива**

**С О Д Р Ж И Н А**

**1. Решение за утврдување на престанок на мандатот на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош – Скопје, со Заклучок за објавување и**

**2. Решение за именување вршител на должноста на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ – Општина Карпош, Скопје, со Заклучок за објавување.**

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**